Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Број: 04-24/1321
16.09.2026 година
Скопје

Согласно член 37-љ и член 37-м од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), "Правилник за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги" бр. 0201-6041/4 донесен од Управниот одбор на ден 04.12.2017 година и член 32 од Статутот Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за извршен избор на кандидат по јавен оглас за вработување на давател на јавна услуга

1. За извршител на работите од работно место КДР0305Б03079 Прегледувач на вагони, станица Табановци, Одделение за ТПВ - север, Сектор за технички преглед за вагони, се избира кандидатот:

- Стефан Јанушевски од Скопје

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од т.1, по конечноста на оваа одлука и извршен претходен лекарски преглед од избрана здравствена установа, врз основа на утврдена здравствена способност дека е психофизички и телесно способен и ги исполнува пропишаните здравствени барања за вршење на соодветната работа согласно „Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на здравствената способност, начинот на утврдување и проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници".
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Комисијата за селекција во постапка за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, формирана од Директорот со Решение бр.04-24/1238

од 21.08.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на давател на јавна услуга за извршување на работите од т.1 на оваа Одлука, а по објавениот оглас бр. 1/2026 од 24.08.2026 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Koha ", спроведе постапка согласно Законот за јавните претпријатија.

Согласно резултатите од сите фази во постапката за вработување, Комисијата за селекција во постапка за вработување на давател на јавна услуга до Директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, достави единствена ранг-листа на кандидати и предлог за вработување.

Врз основа на утврдената единствена ранг-листа и предлогот за вработување, Директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до надлежен орган согласно со закон во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука и по нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на Јавното претпријатие.

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Сектор за управување со човечки ресурси

Директор

Синиша Ивановски

Изработил: Ј.Т.Трипуновска
Проверил: Л.М.Петровска
Согласен: Ц.Поповска